**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,44 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да започнеме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам уште еднаш од почеток службите, се извинувам што пред време ве молев да броите мислам дека сега имаме шанси да имаме кворум.

Повелете службите да пребројат.

Дами и господа пратеници ја отворам 109-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Гоце Марковски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Љубчо Георгиевски, Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Верица Филипова, Али Ахмети, Мендух Тачи, Арбен Џафери ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинството на пратениците на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлогот на одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на ОН УНИФИЛ во Либан.

Комисијата за прашање на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат предлозите за избор на членови на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Предлогот на одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Климент Охридски”, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза” и Предлогот на одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџивасилев”.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашање на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив оделно.

Го молам претседателот на Комсијата за прашање на изборите и именувањата да ја образложи основаната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Трајко Вељановски. Повелете господине Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Предлагам Собранието на Република Македонија поради итноста на оваа седница да ги разгледа и предлозите на Комисијата за прашање на изборите и именувања утврдени на седницата одржана на 27 март 2008 година односно предлозите и тоа: предлозите за избор на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Македонија, Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Предлогот на одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Климент Охридски”, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза” и Предлогот на одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџивасилев Јасмин”.

Ова го предлагам од причина што во Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија и во Законот за јавни набавки се утврдени рокови со кои треба да се утврдат членовите на Советот на јавни обвинители и членовите на Државната комисија за жалби по јавните набавки.

Потребата од разгледување на предлозите на одлуките на составите на одборите за доделување на државните награди се наметнува поради истекот на мандатот на постојните состави на овие одбори со донесување на предложените одлуки ќе се овозможи навремено отпочнување со активностите во врска со доделувањето на државните награди. Истото ова се однесува и на измените кои се предлагаат на

Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџивасилев Јасмин”.

Разгледување на предлог-одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски на оваа седница на Собранието исто така ќе овозможи навремено започнување со активностите на оваа Комисија поради што и истата е основана.

Поради горе наведеното предлагам Собранието на Република Македонија на оваа седница да ги разгледа предлозите на Комисијата кои претходно ги истакнав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, предлозите за избор повелете, процедурално господин Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да реагирам процедурално од следната причина.

За подготовка на оваа седница се одржа координација која што вие ја свикавте на координаторите на пратеничките групи во кои што се укажа дека има предлог итен од страна на Владата за испраќање на војник во мисијата во Либан и согласно на тие потреби се договоривме заради итноста навистина да се свика седница која што ќе се одржи денеска.

Меѓутоа, мислам дека уште еднаш се прави упад од страна на парламентарното мнозинство и ВМРО-ДПМНЕ и од ваша страна лично, зашто ако имаше ваква намера да во вакво сериозно време за Република Македонија се решаваат кадровски прашања требаше за тоа да не известите на некоја од координациите. Итното свикување на седницата за прашање за избори и менување вчера носеа на одлуките и денеска вметнување 7 точки во кои што ништо друго не се прави освен се решава кадровската политика, дозволете да кажам дека потпаѓате сите од ВМРО-ДПМНЕ под таа народната “село гори, а баба се чешла”. Значи, за многу битни работи за Република Македонија кога се решава прашањето дали Македонија ќе везе во НАТО, за Груевски и ВМРО-ДПМНЕ е многу побитно да се формираат одбори за додела на награди Мито Хаџивасилев, Мајка Тереза, 11 Октомври да си ги договори партиските интереси во делот на изборот на Советот на јавни обвинители и да ја формира Комисијата за јавни набавки која што исклучиво ќе работи на промоција на провизиите на џебовите на Груевски и неговата фамилија и ВМРО-ДПМНЕ.

Спрема тоа, мислам дека сосема несоодветно и сосема неприродно за една парламентарна демократија да разговараме на координација за нешто да се координираме за вака битни прашања да не ги поставите на координација и да го злоупотребуваме времето и интересот на граѓаните на Република Македонија. Сите кога мислат за НАТО, сите кога мислат за значајни прашања на Република Македонија Груевски и ДПМНЕ мисли како да си ги вдоми неговите кадри од оваа политика. Навистина мислам дека ова е премногу па нека е и од Груевски и ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Роза Топузова Каревска повелете процедурално.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Се јавив пред да биде ставено на гласање предлогот од колегата Трајко Вељановски затоа што откако ќе се изгласа уште помали се надежите да се симне некоја од точките од дневниот ред.

Очигледно дека фарсата која што вчера се случуваше на Комисијата за избори и именување се пренесе на пленарната седница. Имено, вчера по углед на случување на Владата влези излези од страна на ДПА, истото ни се случуваше и на Комисијата за избори и именување. Јас тогаш предупредив дека оваа пракса може да почне да ни се случува на пленарната седница и денеска сме сведоци дека тоа ќе се случи овде. Имено, вчера под итно ни беа доставени материјалите по кои што сега се сака да се дебатира на оваа седница и да бидат точка на дневен ред. Во право е колегата Оливер Спасовски кога вели дека на координација не се договоривме вака да функционираме. Со оглед на значајноста, важноста на моментот во кој што се наоѓа Република Македонија рековме дека ќе дебатираме само по законите кои што го имаат предзнакот на Европската унија. И евентуално итната седница за испраќање на припадник на Армијата во Либан. Сега имаме нешто ново. Имаме ни малку ни повеќе 7 нови точки исклучиво каде што треба да се решаваат кадровските решенија на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Бевме сведоци на една игра од страна на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА околу предлогот за претседател на Одборот за Мајка Тереза кога се побара пауза и по завршената пауза се вратија претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и кажаа дека ќе имаме измени односно се испазарија околу претседателот на Комисијата.

Почитувани колеги пратеници,

Дали сега е момент да распаваме и тоа не координирани кој ќе бидат членови на Советот на јавни обвинители тоа е многу сериозна работа. По ова прашање имавме направено, пристапивме кон уставни измени и сега без координација, без договор на мала врата треба да ги изгласаме предлозите. Тоа е едно.

Второ, уште почувствително, зар сега е време да се избираат членовите на Државната комисија за јавни набавки. Јас знам дека се многу битни овие членови, кажуваше колегата Оливер за што и уште што е поважно да дебатираме за измената во Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџивасилев Јасмин”. Таму имаме класичен упад и рушење на демократијата која што е во спротивност на развојот на слободното

новинарство на Република Македонија. Но за тоа кога ќе дојде на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Рахиќ, процедурално.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани драги колеги, почитуван министер Еленовски.

Жалосно е што по подолго време почнавме да работиме како Парламент согласно на законските одредби односно доколку дозволите да ви објаснам.

После подолго време вчера имавме седница на Комисија на која што дојде и министерот и го образложи барањето за итност за гласање за точка "Предлог одлука за испраќање на војник на Армија на Република Македонија за учество во мировна операција на ОН УНФИЛ во Либан". Значи Собранието почна да работи онака како што треба.

Она што мене посебно ме иритира што една ваква точка која што е ставена на итна седница се злоупотребува и сега на мала врата се обидува некој да стави уште 7 точки.

Ние на координацијата, почитуван претседателе, кога договаравме за итна седница се сеќавате во понеделникот, рековме дека во петок по завршување на претходните подготовки за нормално одржување на оваа седница да ја ставиме на дневен ред. Сега не знам од каде на парламентарното мнозинство по обид и идеја да го направи ова што го направи упад во системот.

Членството во НАТО, господо, не е право, тоа е обврска, обврска да се почитува одредена процедура. Бидејќи не сакам да учествувам во шарлатански игри јавно ви кажувам дека јас нема да учествувам во гласањето на дневниот ред и сега ќе ја напуштам седницата. Доколу нормално, парламентарното мнозинство не се консолидира, па го врати нормалниот дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Азис Положани повелете процедурално.

**Азис Положани:** Почитуван претседател, колеги пратеници,

Јас сакам да се придружам на аргументацијата на претходните говорници во однос на дневниот ред затоа што дневниот ред одреден вчера како итна седница подразбира една точка која е поврзана со активностите за исполнување на обврските и нашиот дел во нашето зачленување во нато и без друго ние тој аспект го подржуваме како што го подржуваме секогаш прашања кои се однесуваат со оваа наша консузиална политика. Но, и јас сакам да ја изразам мојата загриженост со моите колеги кои претходно говореа и да го изразам моето незадоволство и несогласност со претседателот на Комисијата кој што ја аргументираше итноста за дебатирање или пак на оваа седница да се изберат или да се извршат некои кадровски прашања кои што вчера беа на дебата на Комсијата. Ние сме против ваквата метода затоа што седница за една итна седница има своја тежина и се заснова на нашите консензуални политики додека исполнувањето пополнувањето на дневнот ред на една итна седница е во спротивност со методологијата на работата која што ја изградивме овде. Вие можете постојано да се повикувате на Деловникот, но велам дека вчера на Комисија за прв пат беа предложени фактички предлог одлуки за луѓе кои што фактички се предложени и подржани од парламентарното мнозинство. И тоа го прави минувањето на овие одлуки како проблематика која што е во спротивност со досегашната практика кога оние предлози кои произлегуваат од Собранието, а особено кои навистина не би требало да имаат никаков проблем како што е Комисијата за наградите 11 Октомври, Климент Охридски, Мајка Тереза итн, да бидат подржани од целиот Парламент и така да се добие кредибилитет и да бидат во функција на Законот според кои се донесуваат овие одлуки. Но еднострананата одлука на мнозинството и подршката само на оние кандидати кои што ги предложија ја зацврстуваат работата мислам дека не треба да се дополни дневниот ред и не треба да има итност и образложението кое што е дадено од страна на претседателот на Комисијата за именувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Владо Бучковски, повелете процедурално.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе,

Јас да го кажам својот став во прилог на она што како став на СДСМ го кажа колегата Оливер Спасовски.

Недопуштено е да биде злоупотребена волјата на опозицијата да демонстрира консензус за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија во операцијата во Либан. И итноста која условно речено, ако погледнете внимателно овој припадник треба да оди во месец мај не беше неопходна. Тврдам сега дека е со скриени намери барана и оваа итна точка за да се протуркаат овие кадровски решенија. Срамота е за Парламентот и не смее претседателе да дозволите и понатаму да се срозува угледот на Парламентот затоа што Парламентот можеби ќе ви треба во понеделник и вторник, како единствена институција која во овој момент за разлика од некои неразумни политичари се уште го нема изгубено разумот. Затоа остро протестирајќи ја навестуваме и можноста дека покрај ова што го најави Оливер Спасовски немаме намера да учествуваме и да правиме кворум за другите точки освен точката за која вчера сме дале согласност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Да го изразам својот револт за продолжување на тоталитарната политика што постои во ова Собрание, за лажењето што ги правите на сите луѓе кои доаѓаат и за срамот што повторно пред Вилтон Парк претставниците ќе мора да го трпиме и ние од опозицијата за ваквото нахално, препотентно и тоталитарно

однесување на претседателот на Собранието и паралментарното мнозинство. Ние се обврзавме да формираме работни групи, ние се обврзавме, а вие од паралментарното мнозинство ги лажевте дека ќе работите координирано, ќе правиме распореди неделни и ќе ги почитуваме и сите партии кои се во Парламентот. Затоа дозволете да изразам разочаривање од продолжување на оваа катастрофална антидемократска политика што постои во Собранието. Вие ќе крадете пари од мобилните телефони, ќе продлжите да си избирате свои луѓе, ама тоа оди на штета на Република Македонија. За жал, ова ќе го разберат и во Вилтон Парк луѓе кои сакаат да помогнат на Собранието и на Република Македонија. Очигледно е дека нема капацитет, туку има само недемократско однесување на паралментарното мнозинство и на менаџментот на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, исто и јас сакам процедурално да интервенирам и да реагирам и да протестирам остро против ваквиот начин на работа кој го наметнувате на Собранието со буквално ставање на точки на дневен ред кое значат упад во работата на Собранието. Секако под покровителство на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ од Собранието направивте бурлеска, направивте една исntитуција која во јавноста веќе служи за подсмев, само за да бидат протуркани сите партиски интереси на ВМРО-ДПМНЕ и на премиерот лично. Собранието ви треба кога треба да си донесете некој закон за определување на привилегии на власта, или на министрите, кога треба нешто да украдете, или да се легализира некој криминал направен од Владата, кога треба министрите да доаѓаат овде и да ги навредуваат и да се закануваат на пратениците. За тоа го користите Собранието, кога треба денеска да гласаме за точка за Совет на избор на јавни обвинители, нешто слично како за Судскиот совет кој ќе треба да го партизираат по примерот на судството со избор на судии кои се роднини, братучеди, стрини, тетки, вујковци на виско функционери на ВМРО-ДПМНЕ, денеска тоа треба да се направи да се допартизира и Јавното обвинителство. За се друго Собранието е само проформа и нужно зло, дежурен виновник за да се прикаже колку е успешна оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Не можеме да се согласиме со ваков начин на работа, затоа што ако сте решиле да ги понижувате сопствените пратеници од власта, ние не дозволуваме тоа да го правите со нас. Затоа реагираме вака гласно и не сакаме во иднина да бидеме учесници на седници и да аминуваме преку вакви манипулации со точки на дневен ред, посебно кога тоа не е приоритет на Република Македонија. Бидејќи вие како дежурни патриоти секогаш се повикувате на повисок државен интерес. Кој државен интерес е сега ние да го партизираме Советот на јавни обвинители, кога имаме предизвици кои ни ја предодредуваат иднината на Република Македонија. Ова е доказ дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ е заинтересирана само за дневна политика, само за дневен партиски рејтинг, а не да се грижи за приоритетите на државата.

Затоа предлагаме овие точки од дневниот ред да бидат симнати.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Би сакал да појаснам, затоа што се гледа намерата од страна на опозицијата овие точки никогаш да не дојдат на дневен ред, не само како итни, туку и како редовни. Господа од опозицијата сослушајте ме. Во однос на овие точки беше закажана седница на Комисијата за прашања на избори и именувања со сите членови што се од опозицијата вклучувајки го и Оливер Спасовски. Седницата беше закажана во вторник за четврток. Материјалите ви беа доставени пред месец дена. И првата точка Советот за јавни обвинители е дел од реформите, едни од реформите што ни беа доставени од Оли Рен од 8-те точки беа судските реформи, завршување на судските реформи. По Законот за Советот на јавни обвинители за да може да профункционира Советот на јавни обвинители треба да биде конституиран. Тројцата членови кои што ги избира Собранието мора да бидат ставени на дневен ред и по него Собранието да се произнесе за да може да се конституира Советот, за да може да профункционира Советот на јавни обвинители. Инаку, обвинителите кои што сами ги избираат членовите во Советот на јавни обвинители ги имаат избрано пред месец дена и чекаат на изборот на тројцата членови кои што ги предлага Комисијата, а ги избира, Собранието за да може да профункционира Советот на јавни обвинители. Тоа ни е еден од условите кој што од страна на Европската комисија од господинот Оли Рен од 8-те точки бара продолжување на судските реформи. Дел од тие судски реформи е конституирањето на Советот на јавни обвинители и профункционирањето на Советот на јавни обвинители. Дали сме ние против, не верувам дека и вие сте против. И не знам зошто е проблемот да биде ставена точка на дневен ред како дополнување за Советот на јавни обвинители и другите точки кои што се. Не знам зошто е толку проблем. Ако имате забелешки за одредени персонални решенија кои што се предложени од Комисијата за прашања на изборите и именвуањата кога ќе дојде точката на дневен ред продискутирајте, ќе дискутираме и ќе се разјасниме за одредени прашања. Вие вака не дозволувате со вашите процедурални забелешки да дојде до утврдување на дневниот ред и до констатирање за одредени прашања. Блокадата се гледа од кога произлегува и зоштопроизлегува.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе. Ќе продолжам онаму каде што застана колегата Трајко Вељаноски, истакнувајќи дека опозицијата дури и да сака нема потреба да ја блокира Владата, или парламентарното мнозинство, бидејќи блокадата вие најдобро сами си ја правите. Дефакто ова Собрание не личи на Собрание подолг временски период, но својата кулминација ја достигна во изминативе месец дена. Јас разбирам дека во делот на водењето на држава ВМРО-ДПМНЕ и нивните претставници не ги бива, ама дека до толку ќе бидат ирационални и едноставно народот да не може да ги препознае дека се барем луѓе со малку усул, не можев да верувам. Кога Владата паѓаше, по три дена садеа дрва, кога требаше да се изјаснуваат за тоа кои ни се позициите и за името и за НАТО, тие пак садеа дрва, кога требаше да се зборува за сериозни работи, нивните врвни претставници пишуваа колумни како да сме во Швајцарија за да утредента самите се демантираат. Македонија во моментов се наоѓа пред историска шанса и во многу критично време и во таа ситуација јас не можам да разберам со кој аргумент ќе ни објасните дека се приоритетни за Република Македонија предлог одлуките за разрешување на членови на четири одбори  за доделување на награди, или пак Државната комисија  за жалби по јавни набавки. Или ако господинот Вељаноски толку многу се секира во име на ВМРО-ДПМНЕ, не тој лично за јавните обвинители, зошто откога е добиено барањето утредента не било ставено  на дневен ред пред месец дена. Но, тогаш имавте други работи да се објаснувате со ДПА, па се бркавте по ходници, па не можевте да се соберете, па не молевте да влеземе и тоа го правевме за да обезбедиме кворум во функционирањето. За таа ситуација толку.

Но, она што денеска апсолутно мораме минимум да го прикажеме, затоа што и македонската јавност, но и меѓународната јавност е свртена кон нас, да имаме минимум чувство за државност и да носиме такви одлуки кои што ќе подразбираат и почитување на тие интереси. За тоа за испраќање на македонски претставник во Либан можеме да дискутираме и да ја донесеме одлуката. Со вакви  евтини финти на оваа седница да се протнат уште 7 точки за кои што нема претходно договор, нема ни консултација, нема ни разговор, нема да прифатиме. И затоа господине претседателе, ако вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ не се разумни, тогаш бидете барем вие еден процент повеќе разумен од нив, прекинете ја тука седницата, ставете ја само точката за испраќање на нашиот мировен воен претставник во Либан и да  продолжиме со другите точки од редовната седница, не и овие кои што сега на врат, на нос ни се соопштуваат. Сега официјален предлог, бараме овие 7 точки да се извадат од дневниот ред, а да се расправа само за испраќање на претставникот во Либан и понатаму да се продолжи со нормалнио тдневен ред. За тоа барам да се изјасни Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Овие 7 точки не се ставени на дневен ред. Според тоа, не можат да се извадат.

Процедурално пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги и денеска се покажа дека интерес на ВМРО-ДПМНЕ не е да работиме конспиративно, туку само да се прават проблеми во собраниската сала за да се стекне впечаток дека во Република Македонија не функционира законодавниот дом и се што не е добро да се префрли во овој законодавен дом.

Почитуван претседателе, на денвен ред ни лежат закони кои штоносат предзнак знаменце на Европската унија. Зошто тие точки не ги ставате на дневен ред? Така ќе ја исполниме европската агенда.

Законот за води е усогласен и од страна на Комисијата за транспорт, врски и екологија и од страна на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и од нас пратениците кои што имаме поднесено амандмани. Тој  закон на дневен ред нема да го ставите никогаш, затоа што немате интерес.

Другата поента која што се должи на моето излагање е и тоа што на денешната седница која ја закажувате како итна сакате да наметнете, односно не вие, туку владеачкото мнозинство на кое сте вие дел, да наметнете прашања кои што воопшто не се битни за Република Македонија. И како штокажа претходниот дискутант односно господинот Трајко Вељаноски, зошто не се изземе само од тие 7 точки кои што се предложени да се стави точка за избор на членови на Советот на јавни обвинители, ако е толку итна. Меѓутоа сето тоа е направено со една цел која што цел само вие си ја знаете. Целта е да направите раздор, да направите секогаш кога ќе треба да имаме консензуални одлуки да создадете впечаток во јавноста дека опозицијата е таа која што ги кочи реформите во Република Македонија. Дали вие како претседател на овој законодавен дом сте задоволен од ваквата работа и од ваквите местенки кои што ви ги прави вашата партија? И вие како прв човек меѓу еднаквите треба да се замислите, дали и овие иницијативи кои што ви ги даваат во 5 до 12 треба да ги ставите на дневен ред и да ги предлагате тука да ги гласаат. Затоа почитуван претседателе, сметам дека во овој момент оваа седница треба да ја прекинете и да почнете како што сме правеле за сите други седници кога сме испраќале контингенти на АРМ во странски држави, со една единствена точка на дневен ред. А потоа да продолжиме со друга седница.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Согласно Деловникот процедурално се дава на пратеник веднаш штом ќе побара збор.

Сега го проверував материјалот од 12 страни кој што е даден од господинот Оли Рен, се однесува на Бенџмарци, за што зборуваше господинот

Трајко Вељаноски. 21 пат го има зборот “дијалог”. Имаме обврски посебни Бенџмаркови на консензус и работа во Собранието. Погледајте го, каде што носител на активноста сте вие. Зошто не сакате да влеземе во Европска унија претпоставувам, за да може Маја Малакова и компанија да ги водат јавните набавки и фамилијата да си тера бизнис. Ама Оли Рен бара на 20 места дијалог. Носител на активности, претседател на Собрание, носител на активности, координатори на пратенички групи. Зошто работите против Европска комисија? Прашањето е, зошто работите против Македонија? Кој ви дава право да работите против интересите на Македонија? Како ќе го исполните Бенџмаркот, дијалог во Собранието, носител на активности претседател на Собрание и координатори на пратенички групи. Со игнорирање, со памфлети што ни ги давате за луѓе кои што премиерот Груевски вика дека работат за туѓи служби? Како ќе работиме ние, како ќе изградиме консензус во Собранието? Што ќе збируваме ние кога ќе дојде господинот Оли Рен, супер е во Собранието, ниеден Бенџмарк не се почитува. И како ќе оди Македонија напред со вакви активности? Во 5 до 12 ние треба да ги рушиме на неприфатени Бенџмарци и стандарди што постојат во Република Македонија. Вие како носителна активности не можете да бегате од таа одговорност што стои во Бенџмарковите што се дадени за Собранието на Република Македонија. Каде е тука координацијата меѓу пратеничките групи, каде е тука дијалогот? Зошто 21 пат напишале: дијалог? За да вие правите што сакате и мислите дека тоа е така и така Македонија ќе оди напред? Се лажете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Навистина сум потресен од вашата дискусија.

Сега е можеби време да одговорам на дел од таканаречените процедурални забелешки.

Прво, факт е дека ниту една од бројните процедурални забелешки не оспорија ниту една јота од Деловникот.

Второ, факт е дека според Уставот ... Ве молам, не ми упаѓајте во збор. Факт е дека ниту една јота од Деловникот ...

(Дофрлување од место од страна на пратениците на СДСМ).

Сакате да ви диригирам?

Пауза 15 минути.

(Пауза од 12,22 часот)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, затоа што продолжуваме со работа.

Продолжуеме со работа.

За процедурално се јави господинот Рафис Алити, повелее.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Навистина би било добро да биде првиот човек на овој законодавен дом да претседава или претседателот на Собранието да биде присутен, но еве тој секогаш ја вжештува атмосферата и потоа ја напушта пленарната седница наводно дека има други обврски. Мислам дека политиките на претседателот на Собранието, се разбира, заедно со мнозинството Собранието го донесоа до ова дереџе. Зошто побарав процедурално, нешто друго се договараме на координација дека најмалку до добивањето на поканата за НАТО ќе разгледуваме закони во однос на нашите евроинтеграции, а не закони од друга природа кои и тие треба да бидат на дневен ред. Но, поаѓајќи од тоа дека навистина треба да бидеме контруктивни во ова Собрание, приоритет од страна на претседателот и се даде на ова политика во ова Собрание. Тој имаше јавно произнесување во однос на ова прашање. Додека од мнозинството истовремено се минира оваа политика, поконкретно од претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, кој не направи никакви консултации за предлози кои ги предложи на оваа Комисија за прашања на изборите и именувањата и за наградите кои се предвидени, како што е нагрда за Мајка Тереза, Климент Охридски, 11 Октомври итн., се номинираат партиски војници. Наместо да испратиме пинакви пораки и да кажеме дека навистина имаме минимален консензус овде во ова Собрание, да се направат консултации позиција - опозиција ние сме свесни дека мнозинството треба да го има главниот збор во тие одбори или комисии. Но, навистина е несфатливо зошто на овој начин ова мнозинство ги минира политиките на оваа земја. Велам ги минира од при!ина што едноставно праќаме пораки дека за нешто за што сме се договориле било во Хилтон Парк или за нешто што сме се договориле на координација, истото не го почитуваме. Во име на ДУИ барам еден час пауза од причина што нас ни се одзема правото да поднесеме амандмани и имаме потреба од дополнителни консултации. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Иако вие знаете дека политиката на Собранието, односно дневниот ред го предлага претседателот или по барање на комисиите или по барање на Владата и тука нема ништо нелегитимно, иако предлозите кои се даваат не бараат, не се од таква природа да се дадат амандмани на тие предлози, сепак ваше право е да барате пауза и јас се соглсувам со вас и во име на вашата пратеничка група, давам пауза од еден час.

Продолжението ќе биде во 15,00 часот, после редовната пауза. Ви благодарам.

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места затоа што ќе продолжуваме со работа.

Господинот Оливер Спасовски не е присутен.

Збор има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Иако овој Предлог за промена на дневниот ред е големо

изненадување во насока дека секогаш кога имавме ние точка на дневен ред за испраќање на разни воени единици на АРМ, ниту еднаш не е направена интервенција од ваква природа како што се случува сега. Мислам дека се случува едно потсмевање со пратениците на Собранието кога најмногу се очекуваше од мнозинството да се направи една ваква интервенција од ваква природа.

Сакам да нагласам во мојата процедура нешто. Како обично пратениците добиваат пред себе материјали неколку дена претходно за да направат анализа за да се интервенира околу тие материјали, во конкретниот случај за јавниот обвинител за кој што се мисли дека треба да помине без да се има можност од страна на опозицијата, но и од сите пратеници за да дадат свои сугестии и забелешки во однос на таа листа на имиња. Јас мислам дека овие случаи кои што се случуваат на ваков начин е нелегитимно. Од друга страна или пак другата опција за голема зачуденост на мнозинството, имајќи ги предвид процесите во Република Македонија пред Самитот на НАТО и знаејќи ги позициите на Република Македонија за заштита на уставното име на Република Македонија, имајќи го мнозинството, позицијата, пред се што ја имаат коалиционите партии, на ДУИ за еден фер извештај во однос на мнозинстсвото, а мнозинството се обидува на еден начин да го минира процесот и да не отстрани или да не оддалечи од патот да се зачуваат процесите на Македонија до Самитот на НАТО. Се негира правото на пратениците кои што се подготвени да дадат свои забелешки и свои сугестии. Се негира легитимното и уставно право да се подготви за секоја точка од дневен ред. Затоа, поставувам прашање до парламентарното мнозинство, зошто на ваков начин се нарушуваат некои односи со опозицијата, зошто се нарушува договорот на политичите лидери да не дојде до тензии во односите меѓу партиски и меѓу политички во Република Македонија, токму на прагот на Самитот во Букурешт. Мислам дека парламентарното мнозинство да го повлече предлогот од дневниот ред и да се оди на точката за која што сме запознати да испратиме војник во мисијата во Либар. Ви Благодарам.

**Бесим Догани:** Јас неколку пати кажав дека процедурално се е чисто, но сепак вие нормално имате право да спорите. Тоа е ваше право и тоа е ваше мислење.

Процедурално има Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитувани колеги пратеници,

И друг пат сум кажала дека сосема малку процедурални забелешки имам кога вие ја водите седницата и бев пријавена за збор уште од претпладнето, на претпладневната сесија кога седницата ја водеше претседателот на Собрнаието Љубиша Георгиевски и дел од забелешките сакав нему да му ги упатам. Но, со оглед дека не е тука тој дел нема сега да го кажам, затоа што е безпредметен. Немам забелешки на вашето водење на седницата и со оглед на тоа дека секогаш сте имале повеќе сенс за значењето на моментот кога се одлучувало на седниците, мислам и овој пат ќе имате, ќе го имате предвид моментот во кој се наоѓа Република Македонија. Мислам дека сега најмалку ни се потребни вакви расправи и вакви дебати, сега ни е потребно да покажеме дека институциите на системот во Република Македонија функционираат, а мора сите да признаете дека Собранието е една од најзначајните институции во системот на парламентарната демократија. Токму во оваа насока ве замолувам и вас и пратениците од парламентарното мнозинство да се согласиме колегата Трајко Вељаноски да го повлече предлогот или доколку тој не сака тоа да го направи, вие да предложите или некој од пратениците да расправаме по дневниот ред онака како што ни беше доставен односно да се вратиме на точката која што беше договорена на координација, да одлучиме за испраќање на претставник, припадник на Армијата на Република Македонија во мировната операција на ООН, затоа што ова сметам дека е многу важно да го направиме пред Самитот на НАТО, иако оваа точка не е истсо така ургентна и имаме време до мај месец. Мислам тука да ја прекинеме дебатата и да не влегуваме во игрите на парламентрното мнозинство односно на партијата ВМРО ДПМНЕ, да покажеме конструктивност во овие моменти многу значајни за Република Македонија. Ве молам, пратениците од парламентарното мнозинство, поготово од ВМРО ДПМНЕ воздржете се уште пет дена имаме до НАТО, нека заврши Самитот во НАТО, да заврши онака како што сите посакуваме за Република Македонија, а потоа имаме време и за кадровски решенија и за одбори и за комисии и за јавни набавки, имаме време да дебатираме и за јавни обвинители. Ништо не е поургентно и поважно, отколку интересите на Република Македонија. Ве молам, да расправаме по точката која што е на дневен ред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Госпоѓо Топузова, јас би сакал да ве информирам дека во текот на паузата зборував со господинот Трајко Вељаноски и со повеќето пратенички групи и начелно сстигнавме до согласност да го изгласаме дневниот ред ваков каков што е поставен, бидејќи тоа е право на Комисијата за именување и избори да предложи точки, но во соработка со опозицијата и во договор со опозицијата да ја изгласаме само првата точка и тука да ја прекинеме седницата а во понеделник со координација да достигнеме договор кога ќе продолжиме со другите точки. Мислам дека ова решение е најдобро и така би требало да процедираме и мислам дека тука веќе имаме согласност. Така што, ќе имаме време за другите точки накнадно дополнително да се договориме.

Господинот Агрон Буџаку се јави за процедурално, повелете.

**Агрон Буџаку:** Јас не знам, пред извесно време, почитуван потпретседателе, му дадов комплимент за начинот на водењето на пленарни седници и сега јавно се повлекува од аспект на тоа дека кога почнува една седница по пауза или по паузата за ручек, треба да ни јавите, да ни кажете, бидејќи ние како парламентрна група не знаевме и немавме информации каква одлука е донесена. Процедурално на нашата парламентарна група не беше известена за ова што го кажавте, а ова е секако пропуст, но од друга страна ве разбирам, го разбирам начинот на раководење, не само на пленарните седници, туку и на самата држава од ова актуелно мнозинство кое создава конфузија и конфликтни и непотребни состојби во една состојба кога се наоѓаме во пресрет на нашиот прием во НАТО. Така што, мојата интервенција беше предвидена да биде во врска со тоа што се расправаше и од поранешните дискутанти, но сега веќе нема причини да го правам тоа и мислам дека во иднина и во овие малку дена кои ни останаа до 4 април немојте да правите вакви сценарија од причина што сето тоа е лошо. Доколку сите сме едногласни, посебно ние како партија, албанска партија му се обраќам и на господинот Догани вие треба да го имате предвид тоа дека наш интерес е зачленувањето на НАТО и се што би се презело со ваше знаење или можеби и вие не сте биле информирани дека никогаш не се случило кога испраќам е еден припадник на Армијата или 10 во мировни мисии, никогаш не се случило да се дополни дневниот ред. Затоа, мислам дека ова сценарио се надевам дека вие не сте дел од ова сценарио и во иднина немојте да не доведувате во вакви состојби да дадеме една слика, а истовремено и Грција и дава доверба на Владата и овде да докажеме дека и Македонија создава внатрешни политички проблеми и во самиот Парламент, со цел Македонија да не се зачлени во НАТО. Значи, се губи чувството на тоа што нема да се дополни дневниот ред, но јас би побарал во иднина да не се доведуваме во вакви слични состојби.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за процедурални забелешки, предлогот на Комисијата, предлозите за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање. Пред да ве повикам да гласаме, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата немаме доволен број на пратеници, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, за да може да го изгласаме дневниот ред.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да гласаме.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање и седницата продолжи во 16,01 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник гласале 58 пратеници, за гласаа 49, воздржани нема, против 9.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, за гласале 60 пратеници, од нив 50 гласале за, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата за Предлогот на одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници гласале 59, од нив 52 гласале за, 1 воздржано, против 6.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата за Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Климент Охридски” да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласале 58 пратеници, од нив за гласале 49, воздржано нема против 9.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври” да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласале 61 пратеник, од нив 50 гласаа за, воздржани нема, против 11.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза” да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 62 пратеника, од нив 50 гласаа за, воздржано нема, против 12.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџивасилен Јасмин” да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 60 пратеници, од нив 51 гласаа за, 1 воздржано, против 8.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 59 пратеници, од нив 56 пратеници гласаа за, воздржано нема, против 3.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан.

2. Предлог за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

3. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

4. Предлог на одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

5. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Климент Охридски”.

6. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври”.

7. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза”.

8. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџивасилен Јасмин”.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот дневен ред гласале 63 пратеници, од нив 51 гласал за, воздржано нема, против гласале 12 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан.**

Предлогот на одлуката и извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност се поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана господинот Лазар Еленоски, повелете.

**Лазар Еленоски:** Благодарам потпретседателе.

Одлуката се однесува за продолжување на воениот придонес на Република Македонија во Мировната операција УНИФИЛ во Либан. Како што знаете, пред година дена ја отворивме оваа операција, сметајќи дека е добро за Република Македонија и нејзиниот меѓународен рејтинг, исто така, да придонесуваме во операција на Обединетите нации. Сега сме пред нова одлука за продолжување на самата мисија, повторно контрибуцијата е со штабен офицер. Ние сме, исто така, расположени да упатиме дополнителен број исто така на други штабни офицери, меѓутоа, во соработка со главниот штаб на операцијата кој што е во Њујорк се договоривме да продолжиме со истиот капацитет и доколку има потреба, ќе се договориме за дополнителен капацитет, така што предлогот е во наредниот период од 12 месеци од Армијата на Република Македонија да биде деклариран и распореден еден офицер како штабен офицер во главната команда на Штабот во Нагура, значи на југот на Либан.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господин министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во

Мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан**.**

Почитувани дами и господа пратеници.Според договореното тука ја прекинувам денешната седница.

За содржината на седницата во понеделник ќе бидете дополнително известени.

Истовремено, ги известувам координаторите на пратеничките групи дека за понеделник во 10,00 часот е закажана координација. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 16,11 часот)